| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови и дата на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| • **Вовед во пеење и свирење по нотен запис** (петолиние, виолински клуч, местото на тоновите на петолинието, нота, сол1, ми1 – визуелно препознавање на петолиние)<br><br> | • Идентификува петолиние, виолински клуч, положбата на тоновите сол1 и ми1 на петолинието.. | Април<br> | **Воведни активности:**<br>Учениците ја следат приказната презентирана од страна на наставникот: „Прошетка низ шумата“: Децата отидоа на прошетка низ шумата. Наеднаш застанаа. Се слушна шумолење. Лена се замисли и возбудено рече: Нешто шумоли!? Што е тоа? Можеби е... Тогаш Мите извика: Не знаеме што е, но тоа е шум. Го продолжија патот. Се слушна лаење на кучиња, удар на секира во дрво...Некој извика и праша: Дали е тоа шум? Не, тоа е звук. Го продолжија патувањето низ шумата и излегоа на една ливада. На ливадата имаше полно цвеќиња. Пасеше и стадо овци. Од нивните ѕвончиња се слушаат разни звуци: ѕин-ѕон, ѕин-ѕон, ѕин-ѕон (сол-ми, сол-ми, сол-ми)... До стадото овци, овчарчето свиреше на кавал. Децата запеаја и заиграа по музиката на кавалот. Борче рече: Другарчиња вие пеете многу убаво – високо и ниско (сол – ми). Тие пријатни звуци, различни по висина, ги нарекуваме тонови. Тоновите се запишуваат со симболи, односно знаци, кои се викаат ноти. Тоновите се пеат и свират, а тоа е музика. Се запознаваат со целта. (10 мин.)<br><br>**Главна активност:**<br>Наставникот преку различни асоцијации ги објаснува елементите на нотното писмо (на пример: петолинието – „куќичка“; линиите – „катови“; виолинскиот клуч, односно сол-клучот – „клуч“ со кој се отвора „куќичката“; нотите ги заземаат своите места на „катовите“; положбата на нотите сол и ми на „катовите“). Учениците учествуваат во вежби во кои се користат асоцијациите.<br>(20 мин.)<br><br>**Завршна активност:**<br>Учениците ги пишуваат елементите на нотното писмо: виолински клуч (откриј го музичкиот знак со поврзување на точките) и ноти (напиши ги нотите сол и ми во петолинието). (5 мин.) | - табла, петолиние<br>- уреди за репродукција на аудио- и видеозаписи ки/симболи<br>- наставни листови<br>- прибор за пишување | - усните одговори на прашањата поставени од наставникот или од соучениците;<br>- индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри);<br>- практичната изведба во група.<br><br> |

Снежана Тренчева

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Рефлексија:**<br>Што правевме денес? Како се чувствувавте? Што научивме? Како се создава музиката? Што е шум? Што е звук? Што е тон? Кои се елементите на нотното писмо? (5 мин.) | | |



resursi.literatura.mk

Дневни сценарија по музичко образование Април

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови и дата на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| • **Вовед во пеење и свирење по нотен запис** (петолиние, виолински клуч, местото на тоновите на петолинието, нота, сол1, ми1 – визуелно препознавање на петолиние) | • Идентификува петолиние, виолински клуч, положбата на тоновите сол1 и ми1 на петолинието.. | Април | **Воведни активности:**<br>Во еден топол пролетен ден, сите ученици од училиштето отидоа на прошетка во полето. Одејќи по патот, тие внимателно го слушаа пеењето на птиците. Наеднаш, Мите забележа две кукавици качени на едно дрво: едната повисоко, другата пониско. Тие ја пееја својата убава песна, и се довикуваа. Учениците ја запишуваат песната на кукавицата: Ку-ку, ку-ку (сол-ми, сол-ми). Се запознаваат со целта. (5 мин.)<br><br>**Главна активност:**<br>Наставникот црта две/повеќе линии на под/ѕид/табла, а учениците ја одредуваат положбата на нотите сол и ми преку поставување слики/симболи: птици, жапчиња, зајчиња, цреши, јаболка, емотикони и сл., како и со сопствените движења по линиите на подот, односно покажување на позициите на тоновите на табла/ѕид и др.<br>(20 мин.)<br><br>**Завршна активност:**<br>Учениците ги довикуваат своите имиња и имињата на соучениците со тоновите сол – ми. Со имињата составуваат мелодиска вежба и истата ја забележуваат на петолиние. (10 мин.)<br><br>**Рефлексија:**<br>Што правевме денес? Како се чувствувавте? Што научивме? (5 мин.) | - Под/ѕид/табла, петолиние<br>- Слики<br>- уреди за репродукција на аудио- и видеозаписи ки/симболи: птици, жапчиња, зајчиња, цреши, јаболка, емотикони и сл | - усните одговори на прашањата поставени од наставникот или од соучениците;<br>- индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри);<br>- практичната изведба во група.<br>- |





Снежана Тренчева

resursi.literatura.mk

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови и дата на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| • **Музичко изразување и творење** (слободно музичко изразување, творење/создавање) | • Создава едноставни кореографии со елементарни чекори и движења, соодветно на карактерот на музиката.. | Април | **Воведни активности:**<br>Планетата Земја за мене е? (бура на идеи). Учениците даваат кратки искази за планетата Земја и истите се запишуваат на табла од страна на наставникот. Учениците се насочуваат кон разговор за светскиот ден на планетата Земја и како треба да се грижиме за нашата планета. Се запознаваат со целта (8 мин.)<br><br>**Главна активност:**<br>Учениците се запознаваат со содржината на песната, потоа наставникот, заедно со учениците, осмислува кореографии со сите вклучени музички изразни средства (темпо, динамика, траење, боја) на песната: „Подајте си рака – Биби“ https://www.youtube.com/watch?v=24PvNCz_kS8 (20 мин.)<br><br>**Завршна активност:**<br>Учениците изработуваат хамер на тема 22 април – Светски ден на планетата Земја. (7 мин.)<br><br>**Рефлексија:**<br>Што правевме денес? Што научивме? Како се чувствувавте? Дали кореографијата беше во согласност со музичките изразни средства?<br>Како можеме наученото да го примениме во секојдневниот живот? (5 мин.) | - Табла, маркери,<br>- уреди за репродукција на аудио- и видеозаписи (ЦД И ДВД-уред, хај-фај уред, ТВ-приемник, компјутер со пристап до интернет, квалитетни звучници, ЛЦД-проектор, паметна табла)<br>- хамер<br>- фломастери<br>- лепак<br>- ножици | - усните одговори на прашањата поставени од наставникот или од соучениците;<br>- индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри);<br>- практичната изведба во група. |





resursi.literatura.mk

| содржини<br>(и поими) | стандарди за оценување | часови<br>и дата на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| • **Вовед во пеење и свирење по нотен запис** (петолиние, виолински клуч, местото на тоновите на петолинието, нота, сол1, ми1 – визуелно препознавање на петолиние) | • Чита парлато елементарни вежби со тоновите сол1 и ми1. | Април | **Воведни активности:**<br>Учениците повторуваат за ноти и местото на тоновите сол и ми на петолиние. Учениците заеднички се распејуваат со придружба на музички инструмент. Наставникот неколку пати ги свири тоновите ми и сол, а учениците треба да ги погодат и да ги испеат за да се поттикнат да го распознаваат нивното звучење. (7 мин.)<br>**Главна активност:**<br>Учениците играат игра: „Музички часовник“. Учениците се редат во круг, а во средината на кругот е поставен „Музичкиот часовник“ со капачето. Играта ја започнува ученикот кој е најблиску до бројот 12 на „Музичкиот часовник“. Го врти капачето и чека да запре, а потоа ја пее мелодиската вежба што е запишана до бројот на часовникот на кој е застаната стрелката. Пеењето е придружено со тактирање (плескање со рацете). Откако ќе испее ученикот кој е во средината на кругот, истата вежба ја повторуваат сите ученици. Ученикот кој е во средината на кругот се враќа на неговото место и излегува следниот ученик. Секој ученик треба да биде во средина на кругот, да го сврти капачето и да испее мелодиска вежба, а потоа сите ученици да ја повторат. Редоследот по кој ќе излегуваат учениците во средината на кругот е според движењето на стрелките од часовникот. Играта завршува кога ќе поминат со индивидуално пеење сите ученици од кругот. Линк за играта: https://www.youtube.com/watch?v=IlZry5H1BwE&t=68s&ab_channel=SonjaBaltepeTrifunovska (20 мин.)<br>**Завршна активност:**<br>Учениците пеат и ритмизираат различни мелодиско-ритмички модели со тоновите сол и ми, со плескање со раце, тропкање со нозе, движења во простор. (8 мин.)<br>**Рефлексија:**<br>Што научивме? Како се чувствувавме? Што беше најинтересно? Дали ви беше тешко да ги читате вежите сло тоновите спл и ми? (5 мин.) | - уреди за репродукција на аудио- и видеозаписи<br>- детски ритмички инструменти (тапани во различни големини, тропалки, ритмички стапчиња, кастањети, гонг, чинели, ксилофон, триангл, маракас, дајре); | - усните одговори на прашањата поставени од наставникот или од соучениците;<br>- индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри);<br>- практичната изведба во група. |






Снежана Тренчева

resursi.literatura.mk